# *И З В Е Ш Т А Ј*
## *за севкупните активности од работењето на органите и телата на Нотарска комора на Република Северна Македонија 2022 година и ПЛАНИРАНИ активности во 2023г.*

*Скопје, 2023 година*

Во согласност со член 121 став (3) од Законот за нотаријатот и член 24 точка љ) од Статутот на Нотарската комора, Собранието на Комората секоја година на својата редовна седница ги разгледува и усвојува извештаите за севкупните активности и работата на Комората поднесени од претседателот на Комората, како и поединечни извештаи поднесени од други избрани претседатели на органи или други тела на Комората кои претставуваат сублимација од досегашните преземени активности остварени преку работата на на органите.
Основните задачи и цели во 2022г., преку своите органи и тела Комората ги спроведе успешно во согласност со Уставот, законите, меѓународните договори ратификувани во согласност со закон, подзаконски прописи, одредбите на Статутот и другите акти на Комората.
Во понатамошниот текст на овој Извештај, во кратки црти ќе бидат прикажани активностите од работењето на органите и тела на Комората, односно ќе бидат прикажани активностите на Комората во целина.

## I.СОБРАНИЕ НА НОТАРСКА КОМОРА

На 16.4.2022г. се одржа XXIV – та Редовна седница на Собранието на Нотарската комора.
На 16.4.2022г. се одржа и Изборно Собрание на Нотарската комора, на кои беа избрани членови и заменици членови на Дисциплински совет на Нотарска комора (2022-2024), членови на Комисија за вршење надзор над примената на одредбите од Законот за спречување на перење пари и финансирање тероризам (2022-2026) и членови на Комисија за спроведување на конкурс за именување на нотари на Нотарската комора (2022 – 2025).

## II. УПРАВЕН ОДБОР НА НОТАРСКА КОМОРА

Во текот на 2022г. Управниот одбор одржа вкупно 6 (шест) редовни седници, на кои беа разгледани прашања значајни за нотаријатот, неговиот развој и функционирање.
Седниците се одржани на: 22.1.2022г., 18.3.2022г., 15.4.2022г., 3.6.2022г., 3.9.2022г. и 24.12.2022.

Покрај редовното работење кое произлегува од законските надлежности, Управниот одбор преземаше активности во насока на:

- Комуникација и координативни средби со Министерот за правда, во врска со процесот на изменување и дополнување на Законот за нотаријатот,
- Утврди нацрт Кодекс на професионална етика на нотарите,
- Разгледа и потврди правни мислења и заклучоци донесени од Стручниот совет и сл.
- Разгледа и одлучи Комората да ги организира сите нотари и покрие трошоците за усогласување со новиот Закон за заштита на личните податоци, преку изработка и усогласување на интерни акти за сите нотарски канцеларии,
- Разгледа и предложи теми во интерес на нотаријатот за општата програма за континуирана обука за 2023 - 2024 од Академија за обука на судии и јавни обвинители,
- Разгледа и донесе одлука односно определи рамки и буџет за започнување со изготвување на Коментар на Законот за нотаријатот,
- Отпочна со активности за свечено одбележување на 25 години нотаријат во Македонија.

## III.НАДЗОРЕН ОДБОР НА НОТАРСКА КОМОРА

Во текот на 2022г. Надзорниот одбор одржа 1 (една) седница на 11.12.2022г.

Во рамките на своите надлежности, изврши увид во материјално-финансиското работење на Нотарската комора и редовноста на плаќање нотарска членарина, при што е констатирано дека нема неправилности во работењето.

Од страна на Надзорниот одбор е констатирано дека органите и телата работат во согласност со одредбите на Статутот и другите општи акти на Нотарската комора, дека финансиските трошоци се рационално користени, а во однос на плаќање на членарината се заклучи нотарите и понатаму да вршат редовно плаќање на месечно ниво.

Посеопфатни и детални податоци за овој орган, се содржани во годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор.

## IV. ДИСЦИПЛИНСКИ СОВЕТ НА НОТАРСКА КОМОРА

Во текот на 2022г. Дисциплинскиот совет одржа вкупно 9 (девет) седници, и тоа на: 25.2.2022г, 30.3.2022г., 14.4.2022г., 13.5.2022г., 9.6.2022г., 29.9.2022г., 17.10.2022г., 16.11.2022г. и 21.12.2022г.

Во текот на 2022г. се поднесени вкупно 17 (седумнаесет) предлози за дисциплинска постапка, од Министерството за правда.

Посеопфатни и детални податоци за овој орган, се содржани во годишниот извештај за работењето на Дисциплинскиот совет.

## ВТОРОСТЕПЕН ДИСЦИПЛИНСКИ СОВЕТ НА НОТАРСКА КОМОРА

Во текот на 2022г. Второстепениот дисциплински совет одржа 1 (една) седница на 19.5.2022г.

Во текот на 2022г. е поднесена една жалба против одлука на Дисциплинскиот совет на Нотарската комора, со која е изречена дисциплинска мерка 6 (шест) месеци привремено одземање вршење нотарска служба. По овој предмет жалбата е одбиена како неоснована и решението на Дисциплинскиот совет е потврдено. Против решението на Второстепениот дисциплински совет е поведен управен спор.

## ПРЕТСТАВКИ

Во 2022г. до Нотарската комора се поднесени вкупно 32 (триесет и две) претставки, од кои 27 се отфрлени, 2 се повлечени, 1 е неуредна, 1 решен спор по однос на тарифата и 1 препратен во надлежен суд.

## V.СТРУЧЕН СОВЕТ НА НОТАРСКА КОМОРА

Во текот на 2022г. Стручниот совет одржа вкупно 10 (десет) седници, и тоа на: 4.3.2022г.,17.3.2022г., 25.3.2022г. (продолжение на 26.3.2022г.), 12.4.2022г., 30.5.2022г., 7.6.2022г., 19.7.2022г., 26.9.2022г. (продолжение на 4.10.2022г.), 15.11.2022г. (продолжение на 22.11.2022г.), 20.12.2022г. (продолжение на 28.12.2022г.)

Стручниот совет на седниците ги разгледуваше спорните и суштествени прашања, утврдуваше заклучоци, правни мислења и одговори, односно работеше во насока на побрзо и поефикасно изнаоѓање на решенија, а при тоа водејќи сметка за правна издржаност.

Посеопфатни и детални податоци за овој орган, се содржани во годишниот извештај за работењето на Стручниот совет.

## VI. КОМИСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НАДЗОР НАД ПРИМЕНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

Во текот на 2022 г. Комисијата за вршење надзор над примената на одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам одржа 3 (три) седници, и тоа на: 16.2.2022г., 20.4.2022г. и 12.7.2022г.

Во рамките на своите надлежности, оваа Комисија вршеше редовни надзори над примената на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам и донесе известување со насоки за нотарите за позначајните новини уредени со новиот Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

Членовите на оваа Комисија, активно и успешно учествуваа во процесот на евалуација спроведен од Управата за финансиско разузнавање и Европска оценска мисија.

Посеопфатни и детални податоци за оваа Комисија, се содржани во годишното известување.

## VII.КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНКУРС ЗА ИМЕНУВАЊЕ НОТАРИ

Во текот на 2022 г. Комисијата за спроведување на конкурс за именување нотари, одржа 2 (две) седници, и тоа на: 12.1.2022г. и 11.7.2022г.

На одржаните седници се разгледани пријави доставени по распишаниот 43 - ти и 44 – ти Конкурс за именување нотари.

Посеопфатни и детални податоци за оваа Комисија, се содржани во годишниот извештај за работењето на Комисијата за спроведување на конкурс за именување нотари.

## VIII. РЕДАКЦИСКИ ОДБОР НА НОТАРСКА КОМОРА

Во текот на 2022г. Редакцискиот одбор одржа вкупно 2 (две) седници, и тоа на: 10.5.2022г. и  6.12.2022г.

Како резултат на работата на Редакцискиот одбор, во текот на 2022 година се објавени 2 (два) броја на Стручното списание Нотариус, и тоа бр. 39 и бр.40.

Посеопфатни и детални податоци за ова тело, се содржани во годишниот извештај за работењето на Редакцискиот одбор.

## IX.УЧЕСТВО НА СОСТАНОЦИ, СРЕДБИ, СЕМИНАРИ

Во 2022г. Нотарската комора беше активна во поголем број случувања на домашен план, а поврзани со нотарското работење, па се одржаа многубројни средби и состаноци, меѓу кои дел од нив:

- Работни состаноци и средби на работните групи за:
  - изготвување на предлози за измени и дополнувања на Закон за нотаријатот,
  - Закон за матична евиденција,
  - Закон за катастар на недвижности,
  - Граѓанскиот законик и
  - Стратегијата за реформи во правосудството и Акциски план **2023 -2027,**

- Советување online на тема: “Отворени прашања кои се појавуваат при примената на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги и подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон и др. стандарди и техники (MK-eIDAS и сл.)”.

- Работни состаноци со Министерство за внатрешни работи в.в. актуелни прашања поврзани со нотарското работење, заверка на потпис на договори за продажба на ПМВ, заверка од договор на договор, електронско поврзување на нотарите со МВР.

- Работилница на тема: „Ажурирање на индикаторите за препознавање на сомнителни активности поврзани со финансирање на тероризам “ во организација на Управата за финансиско разузнавање

- Настан со цел презентација на тема: **„**Mapping the State of Play of Digitalization of Justice in the Western Balkans“, во организација на Регионалниот совет за соработка и Министерството за правда,

- Работни состаноци на Moneyval Комитетот при Советот на Европа за процесот на 5-от круг на евалуација на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, во организација на Управата за финансиско разузнавање,

- Средби во рамките на проектот “Зајакнување на капацитетите на УФР на РСМ” за подобрување и градење на капацитети на УФР со цел поефикасна борба против перење пари и финансирање тероризам,

- Средби со експерт од Светска банка Ms. Bozena Lipej в.в. доставување на договори за физичка делба на катастарски парцели во сосопственост меѓу државата и трети лица; вклученоста и улогата на

државниот правобранител и нотарска тарифа за овие постапки и за доставување на геодетски елаборати од договорот за упис до Агенцијата за недвижности.

- Завршна online конференција на проектот „За правда - следење на спроведувањето на стратегијата за реформи во правосудството во 2021“, поддржан од Фондацијата Отворено општество – Македонија.

- Регионална online конференција по повод Денот на правосудството на тема „Судството во Северна Македонија по реформскиот процес: Судија, Quo Vadis?’’, во организација на Здружението на судиите на со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје

- Семинар на тема:,,Имплементација и спроведување на санкциите’’, во организација на Министерството за надворешни работи и експертската мисија TAIEX,

- 8-ма Меѓународна научна конференција Охридска школа на правото - 2022 на тема: ,,Улогата и значење на кодификација на правото во современите законодавства’’, организирано од Научно истражувачки институт,, Јуридика Прима,

- Работна средба со претставници од Министерство за информатичко општество и администрација в.в. можноста за поврзување на нотарите со базите на податоци од Централниот регистар на население.

- Семинар online на тема:„Економско зајакнување на жените во Западен Балкан”, во организација на GIZ,

- Состанок online на Националното координативно тело за бесплатна правна помош, на кој меѓу другото се дискутираше и за предизвиците поврзани со пристапот до секундарна правна помош во постапки за наследство пред нотари, вклучувајќи го и ослободувањето од трошоци.

- Работилница на тема „Борба против финансирање на тероризам“, во организација на Управата за финансиско разузнавање,

- Работен состанок за електронско поврзување на нотарите со Заложниот регистар и за одржување на обуки со нотарите и онлајн обуки за заинтересираните нотари, а во врска со користење на софтверот за е-залог.

- Конференција и јубилеј 75 години Геодетска управа и 95 години геодетски премер во Република Северна Македонија, во организација на Агенцијата за катастар на недвижности,

- Средба со заменик амбасадорот на СР Германија г-дин Ото Граф,

## X. МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ

На меѓународен план Нотарска комора, продолжи да работи на подобрување на стандардот на нотарите во Република Северна Македонија, преку остварување на контакти со Меѓународната унија на латински нотаријати (UINL), Советот на европските нотари (CNUE), GIZ, IRZ.

Со свои претставници учествуваше на повеќе конференции, работни состаноци, семинари меѓу кои:

- 32-та Конференција на европските нотари во Салзбург, Австрија на тема: *Владеење на правото – граѓанинот на прво место*, презентирана низ три панел дискусии,

- Редовна седница на Комисијата за европски прашања CAE при UINL во Лисабон, Португалија,

- Јубилеј - 10 годишнината од формирање на нотаријатот во Р.Косово и конференција на тема: Извршност на нотарските акти и судска пракса и свечена вечера за одбележување на јубилејот.

- Институционална средба на органите на УИНЛ и Генерален совет, во Минхен, Р. Германија,

- Редовно собрание на Советот на нотаријатите на ЕУ (CNUE) во Комо, Италија на која Комората учествуваше преку видео платформа,

- Семинар и средба во рамките на Советот на нотаријатите на ЕУ- CNUE во Прага – Р. Чешка, а со посебен фокус ставен на активностите што се спроведуваат во рамките на ENN (Европска нотарска мрежа),

- Семинар на тема ,,Семејно право, кој се одржа во Љубљана во организација на Комора на нотари на Словенија (Notarska zbornica Slovenije) во соработка со европска организација CNUE (Conseil des Notariats de l'Union Européenne) ,

- Колоквиум на Институтот за истражувања и студии на европските нотари I.R.E.N.E во Париз, Франција, на тема ,, Автентичноста на електронските нотарски акт и заверка на потпис без физичко присуство во Европа".

- Редовна седница на Комисијата за европски прашања при УИНЛ во Барселона, Р. Шпанија. Во рамките на Европската нотарска академија, беше одржан и семинар во соработка со Меѓународното здружение на судии на тема: ,,Судиите и нотарите – можности и граници,,.

- Вебинар организиран од УИНЛ, во врска со заштита на правата на жените и на кој се разгледаа анализи за дигитално насилство врз жените, а се претставија и проекти на оваа тема од страна на UNWOMEN.

- Институционален собир на органите на УИНЛ, Генерално собрание - избор на претседател и органи на УИНЛ, Генерален совет,, 30 – от Интернационален Конгрес на нотарите во Канкун – Мексико,

## XI.НОТАРСКИ ДЕНОВИ

Во текот на 2022г. се одржаа две задолжителни редовни стручни советувања за нотарите, и тоа:

- **4 - 5 јуни 2022г. хотел Изгрев, Струга** – на тема ,,УЗП постапка - воедначување на нотарското работење'' – претседателот на Комората Методија Ристоски и членови на Стручниот совет на Комората.

- **29 - 30 октомври 2022г. хотел Метропол и Белви, Охрид** - на тема ,,Улогата на нотарот во спречувањето перење пари и финансирање на тероризам од аспект на новиот ЗСППФТ (Сл. весник на РСМ бр. 151/22)'' – претставници од Управата за финансиско разузнавање и Надзорната комисија на Нотарска комора.

Стручните советувања се одржаа во форма на панел дискусија, преку размена на мислења и искуства, како и заземање ставови заради воедначено постапување на нотарите.

## XII. КОНФЕРЕНЦИЈА

**На 26 октомври 2022г.** во хотел Арка, Скопје, Германската фондација за меѓународна правна соработка (ИРЗ) рег.здруж., Нотарската комора на Република Северна Македонија и Сојузната нотарска комора на Германија одржаа заедничка **Конференција за спречување на перење пари и борба против тероризмот од страна на нотаријатот.**

Конференцијата беше наменета за нотарите и други чинители во областа на спречувањето на перењето пари и борбата против тероризмот, со цел продлабочување на значењето за улогата на нотаријатот во спречување перење пари и зајакнување на свеста за сопствените можности за постапување во насока на спречување на перење пари.

На овој настан присуствуваа позначајни институции и правосудни органи, а излагања имаа претседателот на Надзорната комисија за спречување перење пари при Комората нотар Ана Јолакоска, директорот на Управата за финансиско разузнавање г. Блажо Трендафилов и г. Ловро Томашиќ нотар од Германија.

Свои обраќања на Конференцијата имаше и раководителот на проектна област при ИРЗ д-р Штефан Пирнер и претседателот на Комората Методија Ристоски.
Конференцијата беше проследена со физичко и онлајн присуство од страна на нотарите во РСМ.

## XIII. ЕВРОПСКИ ДЕН НА ГРАЃАНСКА ПРАВДА

По повод 25-ти октомври – Европскиот ден за граѓанска правда, Нотарската комора на Република Северна Македонија активно се вклучи во одбележувањето на 25 – Октомври - Европскиот ден за граѓанска правда преку организирање на ***онлајн*** активности.

На официјалната *web* страница на Нотарската комора беше поставен линк за приклучување на Google Meet платформа, на која граѓаните на ден 25 октомври 2022 година можеа да се вклучат *онлајн* во Комората и да поставаат прашање од областа на нотаријатот.

Преку организирање на ваквиот настан, се овозможи граѓаните одблиску да се запознаат со работата, надлежностите и одговорноста која ја носи нотарската професија, постапките во кои би можеле граѓаните да се најдат во постапка пред нотар, како и други прашања поврзани со нотаријатот како институција која е дел од правосудниот систем во државата.

**ЦЕЛИ И АКТИВНОСТИ НА НОТАРСКАТА КОМОРА ВО 2023 г.**

Низ реализација на повеќе активности, во 2023г. ќе продолжи со **АФИРМАЦИЈА НА НОТАРИЈАТОТ**

- ✓ Зголемена континуирана соработка и координација со Министерството за правда,
- ✓ Институционална соработка со други државни органи, судови и други јавни служби во корелација со нотарската служба,
- ✓ Одбележување 25 години нотаријат во Македонија,
- ✓ Основање на Нотарска академија,
- ✓ Издавање на Коментар на Законот за нотаријатот,
- ✓ Јакнење на статусот на нотаријатот во правосудниот систем,
- ✓ Воедначено вршење на нотарските работи,
- ✓ Едукација и стручно усовршување на нотарите,
- ✓ Преземање активности за корегирање на Нотарската тарифа и
- ✓ Меѓународна соработка со органите на Меѓународната унија на латински нотаријати, Советот на нотарите од Европа (КНУЕ) и др. странски Нотарски комори, учество на меѓународни средби, состаноци, семинари и сл., поднесување извештаи и размена на искуства со цел поефикасно нотарско работење.

Преку своите надлежни органи, ќе работи на **УНАПРЕДУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА НОТАРСКАТА СЛУЖБА**

- ✓ Законито, професионално и ефикасно вршење на нотарската служба,
- ✓ Обезбедување правна сигурност и превентивна правда за учесниците во постапките пред нотар,
- ✓ Изнаоѓање механизми за полесно и поефикасно нотарско работење,
- ✓ Вклучување на нотарите во севкупните активности на Нотарската комора,
- ✓ Реализација на архивата на пензионираните нотари,
- ✓ Активно учество во работни групи и комисии за изменувања и дополнувања на закони и подзаконски акти од интерес на нотарската служба.

**ЕДУКАЦИЈАТА И СТРУЧНОТО УСОВРШУВАЊЕ** на нотарите ќе биде реализирано преку:

- ✓ Организирање на семинари, работилници, обуки и сл.,
- ✓ Учество на семинари и советувања организирани од други институции,
- ✓ Воедначено постапување преку донесување правни мислења и заклучоци за спорни прашања во нотарското работење.

**Од НОРМАТИВНА АКТИВНОСТ** планирано е донесување на нови интерни акти на Комората, и тоа:

- ✓ Статут на Нотарската комора,
- ✓ Правилник за работа на Собранието,
- ✓ Правилник за солидарна помош на нотарите,
- ✓ Правилник за работа на Управниот одбор,
- ✓ Правилник за работа на Стручниот совет,

- ✓ Правилник за работа на Нотарската академија,
- ✓ Правилник за работа на Надзорниот одбор,
- ✓ Правилник за работа на Комисијата за спроведување на конкурс за именување на нотари,
- ✓ Правилник за работа на Редакцискиот одбор,
- ✓ Правилник за вршење надзор над работење на нотарите,
- ✓ Правилник за депонирање на потписи во Комората,
- ✓ Правилник за награди и признанија,
- ✓ Правилник за прием и практично усовршување на нотарските приправници.

**РЕЗИМЕ**

Сериозниот пристап на Нотарската комора видно и од самиот извештај, како и изминатиов период така и во периодот што следи, мора да продолжи со преземање на активности од страна на Комората својствени за латинскиот нотаријат, кои се од стратешка цел и кои ќе допринесат за подобрување на правниот живот во Македонија.

**Нотарска комора на РСМ**
**Претседател**
**Методија Ристоски**